С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес

излегува по потреба

Број 6 година XLVIII
18 Април 2012

92.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за делегирање на надлежноста на Општина Велес за организирање и реализирање на културната манифестација Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“ на здружение на граѓани

Се објавува Одлуката за делегирање на надлежноста на Општина Велес за организирање и реализирање на културната манифестација Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“ на здружение на граѓани, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 12.04.2012 година.

Број 08-2270/1
18.04.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 7 од Законот за култура („Сл.весник на РМ“ бр.31/08,49/03,82/05, 24/07 и 116/10), член 22, став 1, точка 5 и член 24, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2012 година, донесе

ОДЛУКА
за делегирање на надлежноста на Општина Велес за организирање и реализирање на културната манифестација Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“ на здружение на граѓани

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес врши делегирање на надлежноста на Општина Велес за организирање и реализирање на културната манифестација Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“ на здружение на граѓани од областа на културата (во понатамошниот текст: вршител на делегирана надлежност).

Член 2

Се делегираат надлежностите за реализација на Интернационалниот фестивал на античка драма „Стоби“, предвидени во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата.

Член 3

Врз основа на оваа Одлука Советот на Општина Велес ќе донесе Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежностите за организирање и реализирање на културната манифестација Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“ на вршителот на делегираната надлежност.

Член 4

Општина Велес ќе склучи посебен договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежноста за тековната година, со можност договорот да се продолжи и за следните години, доколку за реализирање на манифестацијата има предвидени средства во програмите за активностите на Општина Велес во областа на културата за соодветната година.

Член 5

За својата работа вршителот на делегираната надлежност поднесува редовни шест месечни наративни и финансиски извештаи до Градоначалникот и Годишен наративен и финансиски извештај до Советот на Општина Велес.Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Секторот за правни, финансиски, општествени, развојни и општи работи и Одделението за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации.

Член 6

Надлежностите од член 2 на оваа Одлука ќе се финансираат од Буџетот на Општина Велес, како и од донации и спонзорства.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2193/2
12.04.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

93.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за делегирање на надлежноста на Општина Велес за организирање и реализирање на културната манифестација Сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори" на здружение на граѓани

Се објавува Одлуката за делегирање на надлежноста на Општина Велес за организирање и реализирање на културната манифестација Сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори" на здружение на граѓани, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 12.04.2012 година.

Број 08-2270/2
18.04.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 7 од Законот за култура („Сл.весник на РМ" бр.31/08,49/03,82/05, 24/07 и 116/10), член 22, став 1, точка 5 и член 24, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2012 година, донесе

ОДЛУКА
за делегирање на надлежноста на Општина Велес за организирање и реализирање на културната манифестација Сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори" на здружение на граѓани

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес врши делегирање на надлежноста на Општина Велес за организирање и реализирање на културната манифестација Сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори" на здружение на граѓани од областа на културата (во понатамошниот текст: вршител на делегирана надлежност).

Член 2

Се делегираат надлежностите за реализација на Сликарско-копаничарската колонија „Папрадишки мајстори", предвидени во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата.

Член 3

Врз основа на оваа Одлука Советот на Општина Велес ќе донесе Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежностите за организирање и реализирање на културната манифестација Сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори" на вршителот на делегираната надлежност.

Член 4

Општина Велес ќе склучи посебен договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежноста за тековната година, со можност договорот да се продолжи и за следните години, доколку за реализирање на манифестацијата има предвидени средства во програмите за активностите на Општина Велес во областа на културата за соодветната година.

Делата создадени на Сликарско-копаничарската Колонија остануваат сопственост на Општина Велес.

Член 5

За својата работа вршителот на делегираната надлежност поднесува редовни шест месечни наративни и финансиски извештаи до Градоначалникот и Годишен наративен и финансиски извештај до Советот на Општина Велес.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Секторот за правни, финансиски, општествени, развојни и

општи работи и Одделението за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации.

Член 6

Надлежностите од член 2 на оваа Одлука ќе се финансираат од Буџетот на Општина Велес, како и од донации и спонзорства.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2193/3
12.04.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

94.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за делегирање на надлежноста на Општина Велес за организирање и реализирање на спортската манифестација Вардарска регата „Гемиџии" на здружение на граѓани

Се објавува Одлуката за делегирање на надлежноста на Општина Велес за организирање и реализирање на спортската манифестација Вардарска регата „Гемиџии" на здружение на граѓани, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 12.04.2012 година.

Број 08-2270/3
18.04.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и член 24, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2012 година, донесе

ОДЛУКА
за делегирање на надлежноста на Општина Велес за организирање и реализирање на спортската манифестација Вардарска регата „Гемиџии" на здружение на граѓани

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес врши делегирање на надлежноста на Општина Велес за организирање и реализирање на спортската манифестација Вардарска регата „Гемиџии" на здружение на граѓани (во понатамошниот текст: вршител на делегирана надлежност).

Член 2

Се делегираат надлежностите за реализација на спортската манифестација Вардарската регата „Гемиџии", предвидени во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади.

Член 3

Врз основа на оваа Одлука Советот на Општина Велес ќе донесе Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежностите за организирање и реализирање на спортската манифестација Вардарска регата „Гемиџии" на вршителот на делегираната надлежност.

Член 4

Општина Велес ќе склучи посебен договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежноста за тековната година, со можност договорот да се продолжи и за следните години, доколку за реализирање на манифестацијата има предвидени средства во програмите за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади за соодветната година.

Член 5

За својата работа вршителот на делегираната надлежност поднесува редовни шест месечни наративни и финансиски извештаи до Градоначалникот и Годишен наративен и финансиски извештај до Советот на Општина Велес.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Секторот за правни, финансиски, општествени, развојни и општи работи и Одделението за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации.

Член 6

Надлежностите од член 2 на оваа Одлука ќе се финансираат од Буџетот на Општина Велес, како и од донации и спонзорства.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2193/4
12.04.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

95.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес

Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 12.04.2012 година.

Број 08-2270/4
18.04.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член на 54 Закон за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ" бр. 68/04.....06/12), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 12.04.2012 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес "бр. 18/09), се врши измена во член 14, став 3, точка 1 каде бројот „30" се брише и се заменува со „40".

Понатаму во точка 2. Бројот „20" се брише и се заменува со бројот „25".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2193/5
12.04.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

96.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за откажување од корисничко право на Општина Велес како корисник на недвижен имот

Се објавува Одлуката за откажување од корисничко право на Општина Велес како корисник на недвижен имот, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 12.04.2012 година.

Број 08-2270/5
18.04.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 12.04.2012 година, донесе

О Д Л У К А
за откажување од корисничко право на Општина Велес како корисник на недвижен имот

Член 1

Со оваа Одлука Општина Велес се

откажува од запишаното корисничко право на катастарските парцели:

-КП 10880 и КП 12886 заведени во ИЛ бр.29365 за КО Велес во м.в „Баниште“ со површина од 4329 m2;

-КП 90 заведена во ИЛ бр.1096 за КО Башино Село (вон градежен реон) во м.в „Канара“ со површина од 5574 m2;

Член 2

Откажувањето од корисничкото право и бришењето на истото во имотните листови, ќе претставува основ за отпочнување на постапката за легализација на објектот, согласно барањата од барателите и понатаму постапка за доделување на градежно земјиште.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2193/6
12.04.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

97.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за одобрување средства за организирање на првиот „Велешки велигденски фестивал 2012 година“

Се објавува Решението за одобрување средства за организирање на првиот „Велешки велигденски фестивал 2012 година“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.04.2012 година.

Број 08-2270/6
18.04.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10), а согласно член 16 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2012 година („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.19/11),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 12.04.2012 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за одобрување средства за организирање на првиот „Велешки велигденски фестивал 2012 година“

1.По повод одржувањето на првиот „Велешки велигденски фестивал 2012“ во организација на ИНТЕРМАК-ТК подружница Импакт клуб, во спортската сала „Гемиџии“ на ЈПССО „Парк Спорт“ Велес се одобрува еднократен надоместок во висина од 30.000,оо денари.

2.Одобрените средства ќе бидат наменети за реализација на програмските содржини преку покривање на комуналните трошоци (струја, вода и хигиена) и истите ќе бидат префрлени на сметка на ЈПССО „Парк Спорт“ Велес.

3.Со одобрувањето на средствата, Градоначалникот и Советот на Општина Велес ќе земат учество во одржувањето на овогодинешниот фестивал.

4.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2012 година, Програма А - Совет на Општина Велес, Потпрограма АО - Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413, потставка 413110 - тековни разерви (разновидни расходи).

5.Се задолжува Одделението за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот при Општина Велес да го изврши наведеното решение.

6.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2193/7
12.04.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

98.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за разрешување членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

Се објавува Решението за разрешување членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.04.2012 година.

Број 08-2270/7
18.04.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 17, став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96.....06/12) член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статотот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2012 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

1.Од должноста членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес се разрешуваат:

-Бобан Коруновски
-Тања Арсевска
-Орхидеја Хаџи Петрушева
-Родна Ташева
-Александар Јамалов
-Снежана Мечалова
-Драган Дамјановски
-Фиданчо Цековски и
-Борис Петрески

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2193/8
12.04.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев

99.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за именување членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

Се објавува Решението за именување членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.04.2012 година.

Број 08-2270/8
18.04.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 17, став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96.....06/12) член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статотот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2012 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

1.За членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес се именуваат:

-Горан Наунчев
-Васил Гемишов
-Атанас Иванов
-Анита Кочова
-Бобан Коруновски
-Александар Јамалов
-Тања Арсевска

2.Мандатот на членовите на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес не може да биде подолг од четири години.

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2193/9
12.04.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

100.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за разрешување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес

Се објавува Решението за разрешување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.04.2012 година.

Број 08-2270/9
18.04.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 17, став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96.....06/12) член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2012 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес

1. Од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес се разрешуваат:

1. Василка Габер
2. Маја Николова
3. Александар Илиевски
4. Миле Најдовски и
5. Горан Арсов

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2193/10
12.04.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Славчо Чадиев с.р.

101.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за именување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес

Се објавува Решението за именување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.04.2012 година.

Број 08-2270/10
18.04.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 17, став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/95.....06/12) член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2012 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес

1. За членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално- финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес се именуваат:

1. Лазар Ѓошев
2. Анѓел Сараулев
3. Зорица Алчева
4. Павлина Николовска
5. Цветанка Карова

2.Мандатот на членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес не може да биде подолг од четири години.

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2193/11
12.04.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

102.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Заклучок за разгледување на Информација за средствата и начинот на трошење на истите кои се прибираат од користењето на спортските сали при општинските училишта

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за средствата и начинот на трошење на истите кои се прибираат од користењето на спортските сали при општинските училишта, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.04.2012 година.

Број 08-2270/11
18.04.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2012 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување на Информација за средствата и начинот на трошење на истите кои се прибираат од користењето на спортските сали при општинските училишта

1. Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за средствата и начинот на трошење на истите кои се прибираат од користењето на спортските сали при општинските училишта.

2.Советот на Општина Велес, ги задолжува раководните органи на училиштата во извештаите за завршните сметки да достават прилог со детален извештај за приходите и расходите по основ на изнајмување на спортските објекти.

3.Се задолжуваат раководните органи, средствата кои ги добиваат од Буџетот на Општина Велес по основ надоместок за остварени тренинзи на спортските клубови, да ги наменат исклучиво за инвестиционо одржување на спортските објекти, додека средствата добиени од рекреативните активности од правни и физички лица да се користат за унапредување на образовниот процес.

4. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2193/12
12.04.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

92 **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за делегирање на надлежноста на Општина Велес за организирање и реализирање на културната манифестација Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“ на здружение на граѓани** 143

ОДЛУКАза делегирање на надлежноста на Општина Велес за организирање и реализирање на културната манифестација Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“ на здружение на граѓани

93 **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за делегирање на надлежноста на Општина Велес за организирање и реализирање на културната манифестација Сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори“ на здружение на граѓани** 144

ОДЛУКА за делегирање на надлежноста на Општина Велес за организирање и реализирање на културната манифестација Сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори“ на здружение на граѓани

94 **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за делегирање на надлежноста на Општина Велес за организирање и реализирање на спортската манифестација Вардарска регата „Гемиции“ на здружение на граѓани** 145

ОДЛУКА за делегирање на надлежноста на Општина Велес за организирање и реализирање на спортската манифестација Вардарска регата „Гемиции“ на здружение на граѓани

95 **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес** 146

О Д Л У К Аза изменување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес

96 **З А К Л У Ч О Кза објавување на Одлука за откажување од корисничко право на Општина Велес како корисник на недвижен имот** 146

О Д Л У К А за откажување од корисничко право на Општина Велес како корисник на недвижен имот

97 **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за одобрување средства за организирање на првиот „Велешки велигденски фестивал 2012 година“**

Бр на акт **Страница**

Р Е Ш Е Н И Е за одобрување средства за организирање на првиот „Велешки велигденски фестивал 2012 година“

98 **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за разрешување членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес** 148

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

99 **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за именување членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес** 148

Р Е Ш Е Н И Е за именување членови на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

100 **З А К Л У Ч О Кза објавување Решение за разрешување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес** 149

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес

101 **З А К Л У Ч О Кза објавување Решение за именување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес** 149

Р Е Ш Е Н И Е за именување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес

102 **З А К Л У Ч О Кза објавување Заклучок за разгледување на Информација за средствата и начинот на трошење на истите кои се прибираат од користењето на спортските сали при општинските училишта** 150

З А К Л У Ч О К за разгледување на Информација за средствата и начинот на трошење на истите кои се прибираат од користењето на спортските сали при општинските училишта

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00